**20140982782**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 72 став (3) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12 и 187/13), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И КОДЕКСОТ НА ШИФРИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ ПРИ ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/14) во Прилогот 2 - Кодекс на шифри за пополнување на ЕЦД, во Поглавје II-Шифри, во Рубрика 37 - Постапка, во точка б) Шифри за втора подрубрика, во делот „Ослободување од плаќање на увозни давачки“, во табеларниот дел алинејата 58 се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| Стока наменета за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Македонија и странски донатори, ако во тој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат увозни давачки, како и стока наменета за реализација на проектите кои се финансирани во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), кој се спроведува во услови на децентрализирано управување, и за делот на средствата од националното кофинансирање обезбедено од Буџетот на Република Македонија или задолжување. | 198 став (1) точки 2 и 3 | C58 |

“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-21840/1
27 јуни 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.